NSW GOVERNMENT | Education Public Schools

SCHOOL SWIMMING AND WATER SAFETY PROGRAM

Message to Parents / Caregivers

# Порака до родителите / старателите

Училишната програма за пливање на NSW Department of Education е интензивна програма на која се учи пливање, со неа кај децата се зголемува довербата во вода и која на учениците им нуди да се здобијат со основни способности за безбедност и опстанок во вода. Програмата трае десет дена. Секој дневен час трае 45 минути.

Ние се подготвивме за да можеме да вклучиме програма за учење пливање во нашата наставна програма. Учениците кои не постигнале задоволителен стандард во способностите за безбедност и опстанок во вода и кои не се способни да пливаат 25 метри со сигурност и самостојно, исполнуваат услови да учествуваат во Училишната програма за пливање. Програмата се сосредоточува на слабите пливачи во Years 2 и 3, меѓутоа неа може да ја посетуваат и слаби пливачи од Years 4 до 6 и ученици со посебни потреби, на пример, новодојдени ученици во Австралија и онеспособени ученици.

Часовите ќе се одржуваат во ____________________ (Name of pool). Програмата ќе се изведува

**секојдневно за две недели** од ________________ (Start date) до ________________ (Finish date)

Ќе се патува со ________________ (Means of transport) по цена од $________________ (Daily transport cost) на ден.

Влез во базенот ќе чини $________________ (Daily pool entry cost) на ден. За часовите не се наплаќа.

Вкупната цена за 10-дневната програма е $____________ (Total cost).

Секое дете треба да носи костим за капење, крпа за бришење, блуза или маица, капа и топла облека во деновите кога ќе биде студено. Ако часовите се одржуваат во отворен базен, на учениците им се препорачува да користат соодветна заштита од сонце, на пример, лосион за заштита од сонце, SPF 30+ со широк спектар и отпорен на вода, кој ќе го користат во редовни интервали. Исто така се препорачува да се носи маица со кратки ракави или маица за заштита од сонце при пливање (ако дозволуваат условите на базенот).

За време на Училишната програма за пливање, учениците ќе се оценуваат во сите способности за безбедност во вода без да носат заштитни очила.

Ако вашето дете ги исполнува условите да учествува во Програмата, ве молиме, пополнете и потпишете го формуларот за дозвола и вратете го кај наставникот на вашето дете.

**Директор:**________________________ (Name of principal) **Датум**:__________ (Date)

MACEDONIAN